ревизија

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
Примено: 18. 03. 2016
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
08-820/1

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 15-202/2
Дата: 16.03.2016

ДО
ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
**м-р Сузана Салиу, директор**
Ул. Димче Мирчев бр. 9 П. Фах 372
1000 Скопје

**Предмет:** Доставување на известување за извршена проверка на преземени мерки во врска со дадени препораки содржани во конечен извештај на ОДР

Почитувана г-ѓа Салиу,

Ве известуваме дека во периодот од 17.02.2016 до 19.02.2016 година извршивме проверка на преземени мерки во врска со дадени препораки содржани во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор број 13-311/7 од 01.12.2014 година.

Во прилог Ви го доставуваме Известувањето за извршената проверка на преземените мерки од страна на субјектот предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за Центар за управување со кризи.

Со почит,

Главен државен ревизор
м-р Тања Таневска

Изработил: Ирена Трајковска, ревизор

Одобрил: м-р Максим Ацевски, помошник главен државен ревизор

# Известување за извршена проверка

на преземените мерки од страна на субјектот предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 13-311/7 од 01.12.2014 година за Ревизија на успешност " Ефикасност и ефективност на системот за ФУК и ВР во Центар со управување со кризи"

| Препо рака број | Врска со наодот од КИ | Содржина на препораката | Статус на препор аката* | Преземени мерки | Коментар на ревизорот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1. | 2.1.2. | Работната група задолжена за изработка на Стратегијата за управување со ризици да продолжи со отпочнатите активности и да изврши: утврдување на целите и ризиците и нивно опишување; проценка на ризиците; утврдување на начин на постапување со ризиците и утврдување на контролите и начинот на следење и известување за ризиците кои треба да бидат составен дел од Стратегијата за управување со ризици. | СП | Работната група задолжена со Решение број 04-1756/1 од 11.07.2014 година изработила Стратегија за управување со ризици во Центарот за период 2016-2025 и поднела Извештај за својата работа до директорот на Центарот. | Со Стратегијата за управување со ризици утврдени се областите на ризик, процена на ризикот и следствено елиминирање или намалување на ризикот до прифатливо ниво, одржувајќи ги трошоците на можен минимум. Донесувањето на Стратегијата треба да придонесе за подигање на свеста на вработените во |
| 2. | | Раководителот на субјектот по изработка на Стратегијата за управување со ризици истата да ја разгледа, усвои и ги задолжи одговорните | ДС | На 11 ноември 2015 година од страна на директорот донесена е Стратегија за | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | лица за нејзино имплементирање, следење и ажурирање. | | управување со ризици за период 2016-2025 заведена со дел.бр.01-3071/1 од 11.11.2015 година.<br>Раководителот на субјектот нема задолжено одговорни лица за имплементирање, следење и ажурирање на Стратегијата за управување со ризици.<br>Стратегијата за управување со ризици и Регистарот на ризици на Центарот за управување со кризи со допис бр. 11-3631/1 од 29.12.2015 година доставени се до Министерство за финансии – Сектор за јавна внатрешна финансиска контрола. | Центарот за прашањата од областа на управувањето со ризиците.<br>Согласно презентираниот извадок од Нацрт-записникот од Педесеттата затворена седница на Владата на Република Македонија, бр.42-9653/1 од 07.10.2015 година, Центарот е задолжен најдоцна до крајот на 2015 година да донесе Стратегија за управување со ризици и да изготви Регистар на ризици и копие од истите да достави до Министерство за финансии - Сектор за јавна внатрешна финансиска контрола. |
| 3. | 2.1.1. | Раководителот на субјектот во соработка со надлежното министерство да обезбеди согласност за вработување на систематизираните работни места во ЕФП и | ДС | До Министерство за финансии доставено е Барање за согласност за обезбедување на | Во доставените барања до Министерство за финансии за добивање согласност за вработување и |

Ревизорски тим:
1. ________
2. ________
3. ________

Овластен државен ревизор
________

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | назначување на раководител на сектор за финансиски прашања. | | финансиски средства бр.11-17/1 од 02.01.2015 година, за пополнување на три работни места во Сектор за финансиски прашања по пат на објавување на интерен оглас за вработување на државен службеник и тоа за:<br>- Помошник раководител на Сектор за финансиски прашања,<br>- Раководител на Одделение за буџетска контрола<br>- Раководител на Одделение за јавни набавки<br>Од Министерство за финансии примено е Известување бр.11-17/2 од 19.02.2015 година со кое го известува Центарот дека не постои можност за реализација на бараното | пополнување на слободните работни места во Секторот за финансиски прашања, Центарот се повикува на дадените препораки содржани во конечниот извештај за спроведената ревизија на успешност од страна на Државниот завод за ревизија, но и покрај тоа не добил согласност односно не добил одговор од надлежното министерство. Во јуни 2015 година, врз основа на Спогодба за преземање на вработен без јавен оглас, му престанало вработувањето во Центарот на Раководителот на Одделението за буџетска координација, кој со решение за овластување ги вршеше и работите на Помошник раководител на Секторот за финансиски |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | вработување.<br>На 09.02.2015 година Центарот доставил до Министерство за финансии уште едно Барање бр.11-376-1 за добивање согласност за покренување постапка за вработување на државен службеник по пат на јавен оглас за шест работни места во Секторот за финансиски прашања и тоа за:<br>- Раководител на Сектор за финансиски прашања,<br>- Советник за буџетска аналитика,<br>- Помлад соработник за буџетски политики,<br>- Раководител на одделение за сметководство и плаќања - одговорен сметководител, | прашања. Поради тоа раководителот на субјектот донел Решение за овластување за потпишување на акти бр.04-1691/1 од 10.06.2015 година со кое Советникот за контрола на буџетско работење во Одделение за буџетска контрола се овластува да потпишува акти од делокругот на Раководител на сектор за финансиски прашања. Советникот за контрола на буџетско работење претходно со Решение за овластување од 2012 година е овластен да врши работи и задачи од делокругот на Раководител на одделение за буџетска контрола.<br>Препораката е делумно спроведена поради тоа што дел од систематизираните работни места во ЕФП се |

Ревизорски тим:
1. ______________
2. ______________
3. ______________

Овластен државен ревизор
______________

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | - Самостоен референт за материјално работење,<br>- Виш соработник за објавување, реализација и контрола на постапките за јавни набавки.<br>Според добиените информации од вработените во Центарот, Министерството за финансии нема доставено одговор по ова барање.<br>Во септември 2015 година врз основа на Спогодба за вработување без јавен оглас преку трајно преземање во Центарот вработени се три лица на следниве работни места во Секторот за финансиски прашања:<br>- Помлад соработник за буџетски политики во Одделение за буџетска контрола, | пополнети, но не е обезбедена согласност и не е назначен раководител на секторот за финансиски прашања. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | - Помлад соработник за материјално работење во Одделение за сметководство и плаќања,<br>- Помлад референт – администратор за јавни набавки во Одделение за јавни набавки.<br>Со Решение за распоредување на државен службеник во септември 2015 година пополнето е работното место Соработник за буџетско работење во Одделението за буџетска координација. | |
| 4. | | Раководителот на субјектот да преземе активности за интензивирање на отпочнатите работи за имплементација на системот за управување со квалитет на услугите според МК ЕН ИСО 9001 : 2008 и сертификација на Центарот од независно сертифицирано тело. | ДС | Во досегашниот период извршено е прилагодување на внатрешните акти на Центарот и изготвени се Мапи на процеси согласно МК ЕН ИСО 9001 : 2008 стандардот за управување | Презентирана е т.н. “Мастер листа на документи и записи“ од септември 2015 година во која се наведени називите на документите за процесите и активностите кои се спроведуваат во Центарот, а кои се |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | со квалитет на услугите. Поради необезбедени финансиски средства до денот на ова Известување не е планирана и спроведена постапка за сертификација на Центарот од страна на независно сертифицирано тело. | изготвени согласно наведениот стандард. Од вработените во Центарот добивме информација дека планираат со Планот за јавни набавки за наредната 2017 година да предвидат постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуга за спроведување на потребната сертификација. |
| 5. | 2.1.2. | Раководителот на субјектот да продолжи со отпочнатите активности за завршување на Процената на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности. | ВТ | Според презентираниот Преглед на статуси на процените со состојба на ден 11.02.2016 година, од вкупно 80 општини во Република Македонија и Град Скопје, Посебниот дел на процената на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности е изработен и донесен од страна на 73 општини и | Поголемиот дел од општините во Република Македонија го имаат изготвено и донесено Посебниот дел на процената на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности, а во тек се одвиваат активности за негово изготвување односно донесување во 7 општини. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Градот Скопје, 4 општини се во завршна фаза на изготвување на процената, 2 општини ја имаат поднесено процената до Советот и 1 општина има закажано седница на Советот на општината. | |
| 6. | 2.1.3. | Раководителот на субјектот во соработка со надлежните институции да продолжи со отпочнатите активности за воспоставување Ex-post финансиска контрола. | НС | Во Центарот во досегашниот период не е воспоставена Ex-post финансиска контрола, поради непополнето работно место Раководител на сектор за финансиски прашања. | Поради необезбедена согласност од надлежното министерство во Центарот не е назначен Раководител на секторот за финансиски прашања и препораката не е спроведена.<br>Врска Точка 1 од ова Известување. |
| 7. | 2.1.5. | Раководителот на субјектот да преземе дополнителни мерки и активности со кои ќе обезбеди следење на изготвувањето и извршувањето на плановите за работа преку релевантни квантитативни и квалитативни индикатори. | НС | Раководителот на субјектот секоја година донесува Годишна програма за работа на Центарот за управување со кризи. Презентираниот драфт Извештај за реализација на задачите-активностите од ГПР на | Презентирани се донесени Годишни програми за работа на Центарот за управување со кризи за:<br>- 2014 година (бр. 15-3-32/1 од 03.01.2014 година),<br>- 2015 година (бр. 15-3266/1 од 26.12.2014) и<br>- 2016 година (бр. 15-3502/1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Центарот за 2014 година, изработен од страна на Сектор за аналитика, процени и стратешко планирање, не е комплетен односно не содржи информации за реализација на планираните активности од некои организациони единици во Центарот и истиот не е одобрен од страна на раководителот на субјектот. | од 17.12.2015 година). Препораката не е спроведена поради тоа што дел од организационите единици, во извештаите за реализација на планираните активности во Годишната програма за работа не доставуваат комплетни информации за реализираните активности. Сеуште не е изготвен Извештај за реализација на задачите-активностите од ГПР на Центарот за 2015 година. |
| 8. | 2.2.1. | Раководителот на субјектот да преземе активности за доуредување на системот на интерни контроли и зајакнување на контролите во делот на подготвувањето на тендерската документација и следењето на реализацијата на склучените договори. | ВТ | Активностите се во тек. За конечен статус на оваа препорака ревизорот ќе се произнесе кога ќе се спроведе наредна ревизија на субјектот.<br>Во 2015 година вработено е лице на работно место помлад референт – администратор за јавни | Од презентираната тендерска документација за јавна набавка на услуга за сервисирање на лесни возила како и склучен договор бр. 05-2/130 од 01.06.2015 година согласно Планот за јавни набавки за 2015 година, ревизијата констатира дека во |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | набавки.<br>Во рамки на Одделението за буџетска координација, од страна на Советник за буџетско работење се врши следење на реализацијата на склучените договори. | техничките спецификации опфатени се повеќе видови резервни делови за моторните возила на Центарот со нормативи за број на работни часови и цена на работа рака по час за секој резервен дел посебно, а утврдена е и вкупна вредност на договорот.<br>Вработувањето на лице администратор за јавни набавки во Одделението за јавни набавки треба да придонесе за раздвојување на должностите и одговорностите и зајакнување на интерните контроли во процесот на спроведување на постапки за доделување на договори за јавна набавка. Врска Точка 1 од ова Известување. |
| 9. | 2.2.2. | Раководителот на субјектот да преземе активности со кои ќе: | | Статусот на препораките по одделните алинеи е: | |

*Ревизорски тим*
1. ____________
2. ____________
3. ____________

*Овластен државен ревизор*
____________

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | - Ги задолжи лицата одговорни за изработка на процедурите за инвентарисување, да пристапат кон нивна доработка и истите да ги доставатат на одобрување на раководителот; | СП | - Донесена е Процедура-Мапа на процес со бр. 11-1553/1 од 17.06.2014 година за Попис на средствата, побарувањата и обврските во Центарот за управување со кризи; | Процедурата – Мапа на процес е применета при спроведувањето на пописот за 2015 година. |
| | | - Обезбеди запишување на правото на користење на доделениот недвижен имот во надлежната агенција; | ВТ | - Според презентираните Преглед на состојба со обезбедени имотни листови заклучно со 31.12.2015 година и Евидентна книга на недвижните ствари што ги користат државните органи, обезбедени се имотни листови за 14 од вкупно 35 регионални центри за управување со кризи, додека за останатите регионални центри постапката за обезбедување имотен лист е во тек или не е воопшто започната. | Во 2015 година склучен е договор за јавна набавка на услуга – Изработка на геодетски елаборати за запишување на користење на недвижен имот за 5 регионални центри за управување со кризи. Со Планот за јавни набавки за 2016 година се предвидува постапка за јавна набавка за изработка на проекти и елаборати за запишување на користење на преостанатиот недвижен имот со кој располага Центарот. Се планира постапно спроведување на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Презентирани се имотни листови за четири регионални центри и тоа за Штип, Охрид, Центар и Кичево; | препораката согласно обезбедените средства на годишно ниво. |
| | | - Изврши планирање на потребните средства и изврши доделување на договор за јавна набавка - проценка на пазарната вредност на недвижниот имот доделен од Владата на Република Македонија (за оној имот за кои нема податоци за ревалоризираната набавна вредност на имотот); | НС | - Не е извршена проценка на пазарната вредност на недвижниот имот доделен од Владата на Република Македонија; | Поради не обезбедени финансиски средства не е планирана постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуга – проценка на пазарната вредност на недвижниот имот доделен од Владата на Република Македонија. |
| | | - Обезбеди продолжување на отпочнатите активности за одбележување на постојаните средства со инвентарни броеви; | СП | - Извршено е обележување на постојаните средства со инвентарни броеви; | На ревизијата и се презентирани дел од пописни листи на основните средства според кои за сите средства во листата се доделени посебни инвентарни броеви. |
| | | - Обезбеди попишување на целиот имот со кој располага и го користи Центарот; | ВТ | - Активностите се во тек. За конечен статус на оваа препорака | Во врска со спроведувањето на пописот за 2015 година |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | ревизорот ќе се произнесе кога ќе се прави наредна ревизија на субјектот.<br>Според презентираниот Извештај за извршениот попис на средствата, побарувањата и обврските во Центарот за управување со кризи за 2015 година попишан е целиот имот со кој располага и го користи Центарот; | презентирани се:<br>- Извештај за извршениот попис на средствата, побарувањата и обврските во Центарот за управување со кризи за 2015 година со бр. 04.380/1 од 09.02.2016 година,<br>- Решение за спроведување на попис во Центарот за управување со кризи со состојба 31.12.2015 година (делов. бр. 04-3217/1 од 24.11.2015 г.), |
| | | - Обезбеди еднаков пристап од страна на пописните комисии во извршувањето на пописот и попишување на пописните листи од нивна страна; | ВТ | - Активностите се во тек. За конечен статус на оваа препорака ревизорот ќе се произнесе кога ќе се спроведе наредна ревизија на субјектот.<br>Дистрибуирани се насоки од Централната комисија за попис до поединечните пописни | - Решение за составот на пописните комисии кои ќе го вршат пописот во централата на ЦУК и во ПО-РЦУК (делов. бр. 04-3217/9 од 04.12.2015 г.),<br>- Известување од Централна комисија за попис доставено до сите регионални центри во кое се содржани насоки за |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | комисии за начинот и роковите за постапување при вршење на пописот, согласно кои поединечните комисии за попис ги доставиле пописните материјали; | спроведување на пописот,<br>- План за работа и временска табела за реализација на планирани активности на Централна комисија за попис,<br>- Допис до Централната комисија за попис за доставување на пописни материјали од пописната комисија при РЦУК Берово (Извештај за спроведениот попис, Пописна листа на основни средства, Пописна листа на материјалите, Пописна листа на паричните средства и Пописна листа на материјали предложени за расход),<br>- Решение број 04-380/2 од 09.02.2016 година со кое директорот на Центарот го прифаќа извештајот на |
| | | - Обезбеди усвојувањето на извештајот од извршениот попис да се врши во законски утврдените рокови; | СП | - Извештајот од извршениот попис за 2015 година е усвоен од раководителот на субјектот во законски утврдениот рок; | |
| | | - Обезбеди евидентирање на разликите и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот. | ДС | - Спроведено е сметководствено евидентирање и усогласување со фактичката состојба за дел од утврдените кусоци на средства и дел од материјалните средства предложени за | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | отпис по основ на застареност, амортизираност и неисправност од страна на комисиите за попис во извештаите за спроведениот попис. | Централна пописна комисија за извршениот попис со состојба на 31.12.2015 година,<br>- Налози за книжење од 31.12.2015 година за спроведени книжења во главна книга и евиденција на основни средства. |
| 10. | 2.2.2. | Раководителот на ЕВР да преземе активности со кои ќе обезбеди:<br>- Изработка на стратешките планови во делот на планирање на ревизиите во наредниот период да се темелат врз основа на детално извршена проценка на ризичните области; | СП | Статусот на препораките по одделните алинеи е:<br>- Согласно презентираниот Стратешки план и дописот за негово доставување заедно со Годишниот план за ревизија, плановите се изработени врз основа на објективната процена на ризик и потенцијалните можности, а во согласност со објавените обрасци во насоките за | Презентиран е донесен Стратешки план за извршување на внатрешна ревизија за период од 2016 до 2018 година со број 08-3027/2 од 02.12.2015 година и Годишен план за извршување на внатрешната ревизија за 2016 година со бр. 08-3027/3 од 07.12.2015 година, кои се доставени до Министерство за финансии – Сектор за јавна внатрешна |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | изготвување на Стратешки и Годишен план за внатрешна ревизија, односно врз основа на утврдени ризици за осум клучни процеси во Центарот. | финансиска контрола со допис бр. 08-3027/4 од 07.12.2015 година. |
| | | - Вршење на follow up ревизија со што би се извршил соодветен мониторинг на мерките преземени од организационите единици кои биле предмет на ревизија. | ВТ | - Со Годишниот план за извршување на внатрешна ревизија за 2016 година предвидено е да се изврши ревизија на спроведување на дадените препораки или follow up ревизија по конечните извештаи издадени од Одделението за внатрешна ревизија. Раководителот на Центарот издал Овластување (делов. бр. 08-39/1 од 11.01.2016) со кое го овластува Раководителот на одделението за | Со Годишниот план за извршување на внатрешна ревизија на Центарот за 2015 година, предвидено е да се изврши ревизија на спроведување на дадените препораки по конечните извештаи издадени од Одделението за внатрешна ревизија, но таквата ревизија во 2015 година не била спроведена, а според добиените информации од Раководителот на одделението за внатрешна ревизија истата е одложена за 2016 година по барање од директорот на Центарот. Презентиран е Записник од |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | внатрешна ревизија да изврши ревизија на спроведувањето на дадените препораки (follow up ревизија). Изготвен е Записник од одржан првичен состанок со претставници од организационата единица предмет на ревизија и до истата доставен е прашалник за спроведување на ревизија на реализација на дадените препораки (follow up ревизија). | одржан првичен состанок на ден 26.01.2016 година на кои присуствувале раководителот на секторот за меѓународна соработка и раководителот на одделението за внатрешна ревизија со цел добивање на првични информации за статусот на дадените препораки од извршената ревизија за функционирање на внатрешните контроли во процесот на службени патувања во странство. Со допис бр. 08.39/16 од 29.01.2016 година доставен е прашалник до Секторот за меѓународна соработка кој содржи инструкции за пополнување на прашалникот. |

*СП-спроведена, ДС- делумно спроведена, ВТ- во тек, НС- не спроведена, НП- не применлива.